ProCredit Bank
Macedonia

ProCredit Bank, Jane Sandanski 109a, 1000 Skopje, Macedonia

# Објава за тендер

| | |
|---|---|
| Набавувач: | ПроКредит Банка АД Скопје |
| Назив на тендер: | Тендер за набавка и испорака на авио билети |
| Број на тендер: | 22/2010 |
| e-mail: | tenders@procreditbank.com.mk |
| Факс: | (02) 321 99 01 |

Датум на објава на тендерот: 17.05.2010 година
Краен датум на доставување на понудите: 26.05.2010 година

Почитувани,

ПроКредит Банка АД Скопје ќе врши избор на најповолна агенција или авио-компанија за набавка и испорака на авио билети за сите дестинации во Европа и светот во времетраење од една година за потребите на ПроКредит Банка АД Скопје.

За учество на тендерот агенциите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Како учесници на тендер можат да се јават само агенции или авио превозници кои поседуваат IATA Сертификат за најмалку 3 вработени лица во агенцијата или авио превозникот, "А лиценца" за работа и задолжително да се приложи копија од истите кон тендерската понуда.

При изработката на понудата задолжително треба да се пополни табелата подолу и да се достави кон тендерската докуметнација:

| Опис | Забелешка | |
|---|---|---|
| Фиксна цена за релација Скопје - Франкфурт - Скопје | За период од цела година | |
| Фиксен курс за пресметка на цени | ЕУР/МКД | |
| Откажување на билети без наплата на пенали | Изразено во часови и работни денови | |
| Превоз до и од аеродром до место на живеење на патникот до аеродром во Скопје, за територијата на целата држава | | |
| Гратис билети без ограничување на дестинација | | |
| Попусти за купени повеќе карти одеднаш | | |

**Банката го задржува правото за избор на повеќе агенции или авио-превозници.**

**Облик и содржина на понудата:**

1. Понудата се изработува во писмен облик и како учесници на тендер можат да се јават сите добавувачи на ваков тип на производи.
2. Понудата треба да содржи:
   а. Име, адреса и седиште на Понудувачот, броеви на телефон и факс, e-mail адреси и лица



ProCredit Bank
Bul. Jane Sandanski 109a
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK 22

Phone +389/02/321 99 00
Fax +389/02/321 99 01
www.procreditbank.com.mk
info@procreditbank.com.mk

Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer

за контакт;

б. Бенефиции по разни основи. **При изработката на понудата задолжително се пополнува Анекс 9 – Понуда за тендер** (во прилог на објавата од тендерот).

в. Начин на плаќање – по достава на фактура за издаден билет во рок од 15 работни денови

г. Рок на испорака на картите – 1 ден

д. Работно време на агенцијата и контакт лице за 24/7 подршка од Агенцијата или авио превозник, кое ќе биде на услуга и после работно време за итни ситуации

ѓ. Изјава од понудувачот дека во понудата **нема да ги зголеми цените на авиобилетите добиени од авиопревозникот за релација Скопје – Франкфурт – Скопје повеке од 5%**

е. Референтна листа;

ж.Доказ за бонитет од банка или од Централниот Регистар на РМ;

з. Антикорупциска изјава потпишана и печатирана;

ѕ. Информација за тековна состојба на фирмата од Централниот Регистар;

и. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност забрана за вршење на дејност;

ј. Потврда дека не е отворена стечајна постапка;

к. Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка;

л.Странско правно или физичко лице кое се јавува како понудувач доставува ревизорски извештај од матичното правно лице кој треба да биде издаден од реномирана странска ревизорска куќа;

љ. Фото-копија од важечка лична карта за физички лица.

Документите се доставуваат во оригинал или копија, со датум на издавање кој не треба да биде постар од 6 (шест) месеци.

**Критериуми за оценување** (бодување) што ќе се применуваат при донесување на одлука по тендер се следните:

- Висина и загарантираност на цена.................. ..............40 бодови
- Гратис билети без ограничување на дестинација..........30 бодови
- Откажување на билети без наплата на пенали..............15 бодови
- Превоз до и од аеродром во Скопје.................................10 бодови
- Соработка со Банката.........................................................5 бодови

Одбраните добавувачи се обврзани да отворат сметка во ПроКредит Банка АД Скопје.

Понудите треба да се испратат во затворено плико, со ознака "Не отварај" и „За тендер" најдоцна до крајниот датум за доставување на понудите на долунаведената адреса:

**Бул. Јане Сандански 109а, Скопје**
со назнака за **Тендер за набавка и испорака на авио билети бр.22/2010.**

Понудите кои се примени преку e-mail или по факс, понуди примени по истекот на крајниот рок, понуди добиени и адресирани до вработени на ПроКредит Банка не се сметаат за валидни при одлучување за тендерот.
Пликотото не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.


ProCredit Bank
Bul. Jane Sandanski 109a
1000 Skopje, Macedonia
S.W.I.F.T.: PRBUMK 22

Phone +389/02/321 99 00
Fax +389/02/321 99 01
www.procreditbank.com.mk
info@procreditbank.com.mk
Members of the Managing Board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Valentina Trajceva Nikovska, Chief Financial Officer
Emilija Spirovska, Chief Risk Management Officer